# ЗНМ: НЕ СМЕЕ ДА СЕ ПОВТОРИ ГРЕШКАТА СО ПЛАТЕНИТЕ КАМПАЊИ ВО ПРИВАТНИ МЕДИУМИ

Share
Tweet

Деновиве во собранието циркулира проблематичен предлог за измена на медиумските закони преку кој се брише активната забрана за владино рекламирање во приватните медиуми и истовремено се предвидуваат огромни суми за радиодифузерите од буџетот на граѓаните и тоа не само на централно, туку и на локално ниво.

За разлика од владејачките политички партии, ставот на Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ), Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ), Македонскиот институт за медиуми (МИМ) и Советот за етика во

медиумите (СЕММ), повеќе години наназад е принципиелен кога станува збор за платени кампањи со средства од граѓаните во приватните медиуми.

Укажуваме дека не смее да се повтори враќањето на државните пари во приватните медиуми, бидејќи веќе е докажано дека оваа практика катастрофално ќе се одрази, како врз новинарството, така и врз медиумскиот пазар. Со повторувањето на оваа грешка, Македонија се враќа десетина години наназад кога на сличен начин медиумите директно се поткупуваа и се нарушуваше уредувачката и новинарската независност. Предупредуваме дека со вакви решенија ќе се нанесе директна, трајна и непоправлива штета на целиот медиумски сектор. Затоа, потребно е забраната за рекламирање во медиумите да остане законска обврска и таа да се почитува од сите единици на централната, локалната власт, како и од јавните претпријатија.

Анонимниот предлог за измена и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААМУ) кој моментално е даден на разгледување на пратеничките групи е изработен во дискреција од политичките партии без спроведени консултации и вклученост на релевантни еснафски, новинарски и медиумски организации и без никаква јавна дебата. Обидот за протуркување и наметнување на вакви лоши закони на не транспарентен и неинклузивен начин говори дека Владата и политичките партии немаат искрени намери да креираат решенија со кои ќе се гарантира независноста на медиумите и слободата на изразување.

Администратор 13/07/2022 15:23

## ПОВРЗАНИ СТАТИИ




**Изолација и епидемиолошко следење на сомнителните случаи на мајмунски сипаници (/Home/PostDetails?PostId=495282)**



**Конференција „Младите во Отворен Балкан – Шанси и перспективи за сигурен напредок во регионот“ (/Home/PostDetails?PostId=495279)**



**КЗБ препорачува изолација или карантин за сомнителни и потврдени случаи на пациенти со мајмунски сипаници (/Home/PostDetails?PostId=495268)**



**На 20 дена пред почетокот на учебната година, Шаќири потврди дека се уште не е избрана фирма која ќе ги печати (/Home/PostDetails?PostId=495267)**



**Власта во Москва вели дека досега во Украина се бореле 79 платеници од Македонија од кои 26 се убиени, нашето МНР „нема поим“ (/Home/PostDetails?PostId=495254)**



**Петличковски: ИЈЗ прави анализа дали пациентот има мајмунски сипаници, нема потреба од хоспитализација (/Home/PostDetails?PostId=495253)**




**Кичевчанецот суспектен на мајмунски сипаници избегал од болницата во Кичево (/Home/PostDetails?PostId=495252)**




**За џабе сликање и фалење: Плочата за АСНОМ во манастирот „Св. Прохор Пчињски" за Илинден беше од времен карактер, велат од Кабинетот на Пендаровски (/Home/PostDetails?PostId=495251)**



**Двајца пациенти починаа од Ковид, 693 нови позитивни граѓани (/Home/PostDetails?PostId=495240)**

Makpress.mk
48,079 likes
Like Page
Share

Вестите, содржините и фотографиите на интернет страницата MakPress.mk може да се користат само за лично информирање.
Не е дозволено превземање, користење, пренесување и реобјавување на вестите, содржините и фотографиите без посебна дозвола или склучен договор со MakPress.mk